СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*КОМОРА НА ИДНИНАТА И ВАШ КОНСУЛТАНТ ВО БИЗНИСОТ*

ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

*CHAMBER OF THE FUTURE AND YOUR CONSULTANT IN BUSINESS*

Почитувани,

Во организација на **Владата на РС Македонија, Стопанската комора на Северна Македонија** Ве поканува да се претставите на **EXPO 2025 Osaka**, како еден од најголемите најавени светски саемски настани, кој ќе се одржи од **13.04.2025 – 13.10.2025 во Осака, Јапонија**.

Тема на EXPO 2025 Osaka е ***People's Living Lab – A Laboratory for future society***, лабараторија за креирање нова визија на соци-економскиот систем преку споделување на идеи од сите луѓе во светот.

Содржината на програмата на EXPO 2025 Osaka ќе се одвива во рамки на 184 дена на неколку подтеми:

- *Спасување на животи (Saving lives)*
- *Зајакнување на животи (Empowering lives)*
- *Поврзување на животи (Connecting lives)*

Повеќе информации за саемот ќе најдете на https://www.expo2025.or.jp/en/.

Во организација на Владата, Република Северна Македонија ќе биде претставена со национален павилјон, и во соработка со Стопанската комора нуди можност и за компаниите да бидат дел од овој светски настан на кој се очекуваат околу 28 милиони посетители.

Учеството со свој павилјон на EXPO 2025 Osaka ќе овозможи претставување на државата и подобрување на нејзината видливост и имиџ во светот, како мала модерна земја со богата традиција, големи можности и уште поголем потенцијал за развој.

За компаниите ќе биде можност да се претстават пред светот, да развијат нови партнерства и да видат и применат нови идеи, иновации и технологии.

Павилјонот дава можност да се организираат настани како на пример "недела на македонска култура", недела на македонска храна и вино и други тематски настани, кои освен како средство на јавната дипломатија, ќе послужат и како средство за динамична економска дипломатија. Тоа ќе се реализира преку директни средби со потенцијални партнери од целиот свет, во период од шест месеци.

***Претставување на компанијата:***

Компаниите ќе можат **бесплатно** да се претстават со своја понуда (производи или услуги) на дел од павилјонот, во период и простор кој дополнително ќе го договорат со задолжените лица во Стопанска комора и националниот павилјон.
Исто така, компаниите имаат можност за организирање на Б2Б средби.

Вашата пополнета пријава за претставување испратете ја **најдоцна до 10.10.2024** на следнава емаил адреса: international@mchamber.mk

За дополнителни информации обратете се на тел. 02 2344 050.

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * Република Северна Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * Republic of North Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * https://www.mchamber.mk